Врз основа на член 13 став 2 од Законот за органско земјоделско производство („Службен весник на Република Македонија” бр. 16/2004), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ФИЗИЧКИ И ПРАВНИ ЛИЦА КОИ ПРОИЗВЕДУВААТ, ПРЕРАБОТУВААТ И СТАВААТ ВО ПРОМЕТ ОРГАНСКИ ПРОИЗВОДИ

## Член 1

Со овој правилник се пропишуваат формата, содржината и начинот на водење на Регистарот на физички и правни лица кои произведуваат, преработуваат и ставаат во промет органски производи.

## Член 2

Регистарот на физички и правни лица кои произведуваат, преработуваат и ставаат во промет органски производи (во понатамошен текст: регистар) се води во форма на тврдо укоричена книга со димензии 430 x 300 мм со поврзани и нумерирани страници. Книгата е со бордо корици и на предната страна има натпис со букви со златна боја “Регистар на физички и правни лица кои произведуваат, прерабортуваат и ставаат во промет органски производи.”

Содржината на регистарот се води на образец даден во прилог 1, кој е составен дел на овој правилник.

## Член 3

Регистарот се состои од три главни дела:

- Регистар на производители,
- Регистар на преработувачи и
- Регистар на извозници/ увозници на органски производи.

## Член 4

Во регистарот од член 5 алинеја 1 на овој правилник се запишуваат физички и правни лица кои произведуваат органски производи и ги содржи следните податоци:

- реден број/ страна
- назив на фирмата или име и презиме на физичкото лице,
- ЕДБС (за правни лица) или ЕМБГ (за физички лица),

- седиште и адреса,

- општина,

- име и презиме на водителот на производството,

- вкупна големина и структура на стопанството,

- регистарски број на производителот,

- датум на запишување во регистарот,

- број и датум на Решението за упис во регистарот,

- број и датум на објавување на Решението за упис во регистарот во „Службен весник на Република Македонија",

- број и датум на Решение за бришење од регистарот,

- број и датум на објавување на Решение за бришење од регистарот во „Службен весник на Република Македонија",

- забелешка,

- потпис на овластено лице за водење на регистарот.

**Член 5**

Запишување во регистарот од член 3 алинеја 1 на овој правилник се врши по барање на производителот, физичко или правното лице.

Во прилог на барањето од став 1 на овој член треба да се достават следните документи:

- доказ за вршење земјоделска дејност,

- доказ за сопственост, вкупна големина и структура на производен капацитет или договор за користење на производен капацитет за најмалку 5 години (земјиште, насад, сточарска фарма, рибник, пчелни кошници, договор за собирање самоникнати растенија, и друго),

- сертификат за органски производител издаден од овластено правно лице за вршење на стручна контрола во органското производство, и

- име и презиме на одговорното лице за водење на органското производство.

**Член 6**

Во регистарот од член 3 алинеја 2 на овој правилник се запишуваат физички и правни лица кои преработуваат органски производи и ги содржи следните податоци:

- реден број/ страна
- назив на фирмата или име и презиме на физичкото лице,
- ЕДБС (за правни лица) или ЕМБГ (за физички лица),
- седиште и адреса,
- општина,
- име и презиме на водителот на производството,
- вкупен капацитет на преработка и преработувачки програм,
- регистарски број на производителот,
- датум на запишување во регистарот,
- број и датум на Решението за упис во регистарот,
- број и датум на објавување на Решението за упис во регистарот во „Службен весник на Република Македонија",
- број и датум на Решение за бришење од регистарот,
- број и датум на објавување на Решение за бришење од регистарот во „Службен весник на Република Македонија",
- забелешка,
- потпис на овластено лице за водење на регистарот.

**Член 7**

Запишување во регистарот од член 3 алинеја 2 на овој правилник се врши по барање на преработувачот.

Во прилог на барањето од став 1 на овој член треба да се доставaт следните документи:

- доказ за вршење дејност,

- регистрација на преработувачкиот капацитет,

- доказ за сопственост, вкупна големина и структура на производен капацитет, или договор за користење на производен капацитет за најмалку 5 години,

- потекло на органски суровини за преработка,

- сертификат за органски преработки издаден од овластено правно лице за вршење на стручна контрола во органското производство,

- име и презиме на одговорното лице за органската преработка.

**Член 8**

Во регистарот од член 3 алинеја 3 на овој правилник се запишуваат правни лица кои извезуваат/увезуваат органски производи и ги содржи следните податоци:

- реден број/ страна

- ЕДБС и број на регистрација за извоз/увоз на фирмата,

- назив на фирмата,

- седиште и адреса,

- општина,

- име и презиме на одговорното лице за извоз/увоз,

- капацитет на складиштен простор,

- регистарски број на извозникот/увозникот,

- датум на запишување во регистарот,

- број и датум на Решението за упис во регистарот,

- број и датум на објавување на Решението за упис во регистарот во „Службен весник на Република Македонија",

- број и датум на Решение за бришење од регистарот,

- број и датум на објавување на Решение за бришење од регистарот во „Службен весник на Република Македонија",

- забелешка,

- потпис на овластено лице за водење на регистарот.

**Член 9**

Запишување во регистарот од член 3 алинеја 3 се врши по барање на правното лице, во прилог на кое треба да се достават следните документи:

- доказ за вршење дејност извоз/увоз,

- регистрација на складишен капацитет,

- доказ за сопственост, вкупна големина и структура на складиштен капацитет, или договор за користење на капацитет за најмалку 5 години,

- доказ за потеклото на органските производи кои се ставаат во промет,

- сертификат за органски производи издаден од овластено правно лице за вршење на стручна контрола во органското производство или странско сертификациско тело,

- име и презиме на одговорното лице за извоз/увоз.

**Член 10**

Регистарот истовремено се води и во електронска форма на македонски и англиски јазик заради потребата од меѓународна размена на податоци.

**Член 12**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 08-3164/3
27 март 2007 година
Скопје

Министер,
**Ацо Спасеноски**, с.р.

Образец 1

**Република Македонија**
**Министерство за земјоделство,**
**шумарство и водостопанство**
**С к о п ј е**

# РЕГИСТАР

## НА ФИЗИЧКИ И ПРАВНИ ЛИЦА КОИ ПРОИЗВЕДУВААТ, ПРЕРАБОТУВААТ И СТАВААТ ВО ПРОМЕТ ОРГАНСКИ ПРОИЗВОДИ

| | |
|---|---|
| СТРАНА : | |
| ПРЕНОС : | |

**РЕГИСТАР НА ПРОИЗВОДИТЕЛИ НА ОРГАНСКИ ПРОИЗВОДИ**

| | | |
|---|---|---|
| Назив на фирмата<br>Име и презиме на лицето | | |
| ЕДБС / ЕМБГ | | |
| Седиште и адреса | | |
| Општина | | |
| Име и презиме на водителот на производството | | |
| Вкупна големина и Структура на стопанството | | |

| | | |
|---|---|---|
| **РЕГИСТАРСКИ БРОЈ НА ПРОИЗВОДИТЕЛОТ** | | |
| Датум на запишување во регистарот | | |
| Решение за упис во регистарот | Број: | Датум: |
| Објавено во "Службен Весник на Република Македонија" | Број: | Датум: |
| Решение за бришење од регистарот | Број: | Датум: |
| Објавено во "Службен Весник на Република Македонија" | Број: | Датум: |
| Забелешка | | |

Овластено лице :

______________________

| | |
|---|---|
| СТРАНА : | |
| ПРЕНОС : | |

**РЕГИСТАР НА ПРЕРАБОТУВАЧИ НА ОРГАНСКИ ПРОИЗВОДИ**

| | | |
|---|---|---|
| Назив на фирмата | | |
| ЕДБ | | |
| Седиште и адреса | | |
| Општина | | |
| Име и презиме на водителот на производството | | |
| Вкупен капацитет на преработка и преработувачки програм | | |

| | | |
|---|---|---|
| **РЕГИСТАРСКИ БРОЈ НА ПРЕРАБОТУВАЧОТ** | | |
| Датум на запишување во регистарот | | |
| Решение за упис во регистарот | Број: | Датум: |
| Објавено во "Службен Весник на Република Македонија" | Број: | Датум: |
| Решение за бришење од регистарот | Број: | Датум: |
| Објавено во "Службен Весник на Република Македонија" | Број: | Датум: |
| Забелешка | | |

Овластено лице :

_____________________________

| | |
|---|---|
| СТРАНА : | |
| ПРЕНОС : | |

**РЕГИСТАР НА ИЗВОЗНИЦИ/УВОЗНИЦИ НА ОРГАНСКИ ПРОИЗВОДИ**

| | | |
|---|---|---|
| Назив на фирмата | | |
| ЕДБС / извозно- увозен број | | |
| Седиште и адреса | | |
| Општина | | |
| Име и презиме на водителот на производството | | |
| Вкупен капацитет на складиштен простор | | |

| | | |
|---|---|---|
| **РЕГИСТАРСКИ БРОЈ НА ИЗВОЗНИКОТ/УВОЗНИКОТ** | | |
| Датум на запишување во регистарот | | |
| Решение за упис во регистарот | Број: | Датум: |
| Објавено во "Службен Весник на Република Македонија" | Број: | Датум: |
| Решение за бришење од регистарот | Број: | Датум: |
| Објавено во "Службен Весник на Република Македонија" | Број: | Датум: |
| Забелешка | | |

Овластено лице :

________________________